Република Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

[redacted]

Врз основа на член 49 став (5) и член 50 став (4) од Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија“ број 157/2010 и 53/2011) и член 205 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 38/2005 и 110/2008), Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија, Подрачна Единица Битола решавајќи по барањето Уп-1 бр.16-1626 од 21.10.2011 година на МАКМИНЕРАЛ ДОО за регистрација на објект и оператор со храна, донесува:

Уп-1 Бр.16-1626
21.10.2011 година

Република Македонија
Агенција за храна и ветеринарство
III Македонска бригада бб
Зграда на Македонија
Табак
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3112 210
Факс: (02) 3112 265
Сајт: www.fva.gov.mk

РЕШЕНИЕ

за регистрирање во Регистарот на објекти и оператори со храна

Оператор со храна	МАКМИНЕРАЛ ДОО Ул.Епинал бр.51, Битола
Назив на објектот	Фабрика за производство на освежителни пијалаци, минерална вода, друга флаширана вода и природен CO2
Локација на објектот	с.Кременица, Битола
Дејност	Производство на освежителни пијалаци, минерална вода, друга флаширана вода и природен CO2
Капацитет	4 500 000 л/год
Број на идентификација	02- 148

Операторот со храна е должен во рок од 15 дена да ја извести Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија за секоја настаната измена во просторот, инфраструктурата, опремата и активностите.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

МАКМИНЕРАЛ ДОО достави барање Уп-1 бр.16-1626 од 21.10.2011 година за регистрација на објект и оператор со храна. Агенцијата за храна и ветеринарство постапувајќи по наведеното барање изврши увид во приложената документација и констатира дека **се исполнети условите** пропишани во Правилникот за формата и содржината на регистарот на објекти и оператори со храна од неживотинско потекло, формата и содржината на регистарот на објекти и оператори со храна од животинско потекло, формата и содржината на барањето за регистрација и начинот на регистрација на операторите со храна и објектите („Службен весник на Република Македонија“ број 49/11)
Врз основа на напред наведеното се одлучи како во диспозитивот. Административните такси во висина од 400,00 денари се наплатени согласно тарифен бр. 31 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ број 17/93 и 130/08).
Упатство за правно средство: Против ова решение незадоволната странка има право да изјави жалба во рок од 8 дена од денот на неговото доставување до Директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

Решено во Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.
П.Е. БИТОЛА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Агенција за храна и ветеринарство
XI
П.Е. БИТОЛА

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР ЗА ХРАНА
Д-р Стево Вељановски

Stevo Veljanovski
DOKTOR PO OPŠTA MEDICINA
ИНСПЕКТОР ЗА ХРАНА
FOOD INSPECTOR

- именуваниот
-архива на АХВ